**Известување за концентрација со која Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, Австрија ќе стекне директна контрола над Еурокарт С.Р.Л., Италија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на директна контрола од страна на Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, со седиште на Аспангер Штрасе 252, Питен, Австрија над друштвото Еурокарт С.Р.Л., со седиште на Иполито Ниево 5, Корнедо Вичентино, Виченца, Италија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх** е компанија која се бави со собирање, третман, препродажба на отпад, особено отпад од хартија.

Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Северна Македонија, ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

**Еурокарт С.Р.Л.** е друштво со ограничена одговорност, кое е активно во секторот за управување со отпад, вклучително и обезбедување на поврзани услуги .

Еурокарт С.Р.Л. нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница), ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на собирање, обработка и препродажба(заедно: рециклирање) на неопасен отпад во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети

страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.09.2023 година, Скопје